КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
јули 2013 • бр. 30 • година 5



КАРПОШ - ЛИДЕР ВО ФИЛАНТРОПИЈА

Registered ISO 9001:2008

ISSN 1857-6753

Контакт со Општина Карпош

Адреса: ул. Радика бр. 9, 1000 Скопје; kontakt@karpos.gov.mk 3069-799, 3061-353, 3062-925, karpos.gov.mk

УЗ Карпош 1
Мирче Блажевски тел.070/244-286 и 02/3068-754 и 078/486-929
Адреса: ул. Иван Аговски бр.2

УЗ Карпош 2
Лидија Цацановска тел. 078/486-955 и 02/3071-246
Адреса: ул. Бранислав Нушиќ бр.4

УЗ Карпош 3
Мирјана Георгиевска тел.072/268-054
Снежана Тасева тел. 078/486-919
Адреса: ОУ.Лазо Трповски

УЗ Карпош 4
Виолета Божиновска тел.072/268-052
Адреса: ул.Љубљанска бр.6

УЗ Тафталице 1
Вера Пенова тел.072/209-685
Адреса: ул.Букурешка бр.2

УЗ Тафталице 2
Горан Велковски тел.078/486-928
Адреса: ул.Копенхагенска бр.5

УЗ Влае 1
Ненад Зафировски тел.072/268-053
Адреса: ул.Фјодор Достоевски бр.2

УЗ Влае 2
Жарко Јосифовски тел.072/268-056
Адреса: ул.Сливовска бр.1

УЗ Нерези
Весна Антеска тел.078/486-922
Адреса: ул.Ванчо Мицков бр.19

УЗ Владо Тасевски
Елена Ѓурчилова тел.078/486-927
Адреса: ул.Дрезденска бр.52

УЗ Кузман Јосифовски Питу
Виолета Михајловска тел.078/ 486-924
Адреса: ул.Стрезово бр.7

УЗ Пецо Божиновски Кочо
Ацо Постоловски тел.078/486-925
Адреса: ул.Стрезово бр.7

МЗ Злокуќани
Гаши Садри тел.078/486-923
Адреса: ул.Скупи бб.

МЗ Бардовци
Мирослав Петрушевски 076/907-081
Адреса: с.Бардовци

ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"
Дом за стари лица "Елисавета"
02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВО ФОКУСОТ

ГОЛЕМОТО СРЦЕ НА КАРПОШ 6



КАРПОШ ПАМЕТИ

ЕНТУЗИЈАЗАМ РОДЕН ОД БОЛКА 8



КУЛТУРА

БОГАТО И ДИНАМИЧНО „КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2013“ 18



ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

МАЛАТА АГАТА КРИСТИ ОД КАРПОШ 21



ТУРИЗАМ ВО КАРПОШ

НЕИЗМЕРНО ИСТОРИСКО БОГАТСТВО 28



Издава Општина Карпош
Бул. „Партизански одреди“ бр.68
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-61-353
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Стевчо Јакимовски
Димче Мешковски
Томе Груевски
Владо Поповски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Уредници
Лилјана Петрушевска-Кочовска
liljana.petrushevska@karpos.gov.mk
Миле Раденковиќ
mile.radenkovic@karpos.gov.mk

Редакција
Игор Ѓуровски
Мила Глигорова
Ива Манова
Анета Манчевска
Живко Трајановски

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед
Игор Ѓуровски



Признание за нашата хуманост

КАРПОШ - ЛИДЕР ВО ФИЛАНТРОПИЈА



На свечена манифестација што минатиот месец се одржа во хотелот „Александар палас“, граѓанската организација Центар за институционален развој – ЦИРа на Општина Карпош ѝ додели награда за филантропија и општествена одговорност за 2012 година. Оваа независна организација, според своите истражувања и анализи, одлучи да ѝ додаде признание на Општината за нејзиниот досегашен придонес кон креирање позитивно опкружување, за развој на филантропијата на локално ниво. Со тоа, Општина Карпош стана првата јавна институција од локална власт во Република Македонија, која добила награда од ваков тип. Признанието, во името на локалната самоуправа, го прими првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, кој истакна дека вратите на оваа институција ќе бидат секогаш широм отворени за сите сограѓани на кои им е потребна помош.

Еминентната награда, Општина Карпош ја заслужи со својот особен придонес кон управувањето и развојот на филантропијата, како и развојот на нови концепти и модели за унапредување донаторски практики.

Меѓу нејзините најзначајни достигнувања за минатата 2012 година се вбројуваат отворањето на пет прифатни центри за згрижување на бездомни лица, организација на серија обуки за деца и родители од

сите четири предучилишни установи од Општината на тема „Осамостојување на децата од најмала возраст сами да ги извршуваат основните потреби“. Покрај тоа, за денот на вљубените (14 февруари), локалната самоуправа организира средби за осамените лица, а обезбедува и континуирана помош и поддршка на Здружението на пензионери „Карпош“ и Здружението на пензионери „ДДД – Тафталице“ и бележи реализација на повеќе активности за одбележување на Меѓународниот ден на Ромите (6 мај) – Ѓурѓовден. Дека локалната самоуправа се грижи и за помалите членови на својата заедница, говори и минатогодишното учество преку македонското здружение „Монтесори“ во меѓународниот проект „Играј со мене“, кој се одржа во Љубљана, Р. Словенија.

Важна за напомена е организираната средба и доделувањето на еднократна парична помош за 30 лица со посебни потреби, по повод Денот на лицата со посебни потреби, 3 декември. Општина Карпош, како водечка општина во рамките на социјалната инклузија, ја поддржува Манифестацијата „Различни, а еднакви“ и учествува на Саемот за попреченост и превенција во Струга. Таа има отворено клуб за апстиненција од алкохол. Вистинскиот алтруизам на Општината се изразува преку традиционално организираните хуманитарни акции по повод велигденските празници, одбележувањето на Денот на општината (3 ноември) и за новогодишните и божиќните празници. На свои жители кои се социјално загрозени, локалната самоуправа има доделено еднократна парична помош за 152 лица, 107 за лекување, 11 за лица со хендикеп и четири за елементарна непогода. Општинскиот буџет обезбеди еднократна парична помош и за 182 новороденчиња.

Целта на јавната награда и епитетот „филантропи на годината“ со кој се стекна Општина Карпош,



е да се препознаат добрите практики на одговорното дејствување и да ѝ се оддаде признание на оваа институција за нејзиниот придонес кон заживување и развој на вредностите на солидарност, хуманост и општествена одговорност. Оваа година, наградите за филантропија и општествена одговорност се финансирани од Европската Унија, преку програмата за јакнење на граѓанското општество во рамките на проектот за одржливост SIGN, каде што ЦИРа е вклучена како партнерска организација, одговорна за активностите во Македонија.

Игор Ѓуровски



По повод наградата од ЦИРа, за најфилантропска институција во РМ во 2012 година



Организираме акции за граѓанска помош за сиромашните соседи

ГОЛЕМОТО СРЦЕ НА КАРПОШ

Ми претставува огромна чест и задоволство што мојата општина, Општина Карпош, со која раководам втор мандат во континуитет, а трет со прекин, е добитник на уште едно извонредно и исклучително признание: Наградата на ЦИРа (Центар за институционален развој) за филантропија и општествена одговорност за 2012 година, првпат доделена на една институција од локалната власт! Верувам дека искрено ја заслуживме. За таквото мислење за нас - од срце сум благодарен.



Осамените не ги оставивме сами на Денот на вљубените

Оваа награда нам ни значи многу. Таа не е ниту пари ниту статус, но верувајте дека е сè друго.

Прво, таа е доказ дека сите обични граѓани нè препознаваат на мапата на хуманоста, дека го почитуваат тоа и знаат да го вреднуваат. А тоа, нам, на Општина Карпош, ни е извонредно важно.

Во денешно време, на голема економска и социјална криза, голем дел од обичните граѓани се на удар на сите општествени турбуленции, на големо осиромашување. Честопати, најмалку по своја вина, тие се наоѓаат на маргините на заедницата. Но, тука се и другите граѓани кои очекуваат помош од нас и за кои треба да се грижиме. Тука се болните, старите и изнемоштени лица, оние со посебни потреби, на кои обичната секојдневна грижа не им е доволна. Тие, токму во локалната власт, како најблиска до граѓаните, најчесто го гледаат спасот и решението за своите проблеми. Ние тоа многу добро го знаеме и го чувствуваме, затоа што сме во секојдневен постојан контакт со нив. Тие доаѓаат првенствено кај мене, како градоначалник, но и во одделението за социјална заштита, каде, всушност, воспоставивме цел систем за заштита и грижа на оваа ранлива категорија граѓани.

Не би сакал да набројувам дека нам веќе ни е стандардизирана финансиската поддршка за лицата со посебни потреби за кои изградивме неколку пристапни рампи кон колективните, дури и индивидуални домови. Честопати, еднократно даваме помош и за лекувања во странство, за набавка на медикаменти, организираме три до четири хуманитарни акции со мотото „Да бидеме хумани за наши



Секогаш кај семејствата на кои сме им најпотребни



Пружена рака во пресрет на Велигден, Божик и Денот на Општината

те соседи“ на кои конкретно, со хуманитарни пакети, со храна и средства за хигиена, ги поддржуваме нашите материјално загрозени семејства. Во Општина Карпош во зимскиот период не се случило некое лице бездомник да остане незгрижено на екстремно ниските температури, зашто ширум ги отворивме вратите на урбаните и месните заедници, каде привремено ги згрживме и снабдивме со храна и со топла облека.

Но, дали тука завршува сè? Не, тоа е само почеток. Она, на што треба сите ние да работиме е изградбата на еден систем на заштита и максимална поддршка на овие наши сограѓани. Дали тоа е тешко или ни беше тешко? Ќе ви одговорам повторно - не!

Ние само ги обединивме љубовта, сочувството, грижата и нашите обврски кон граѓаните на едно место. Резултатот не изостана, како и наградата. Оваа и онаа поголемата, која , ќе се согласите со мене, многу погласно одекнува. Тоа е гласот на благодарноста токму на овие луѓе и почитта што ја имаат кон својата локална власт. Понекогаш насолзените очи и немиот поглед на благодарност се најголемата сатисфакција што ја добиваме. И од тоа сме презадоволни.

Ние ќе опстоиме на тој пат. Нивното задоволство и среќа се и наша среќа, среќа на сите граѓани на Карпош.

Градоначалник на Општина Карпош
Стевчо Јакимовски

50 ГОДИНИ ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС ВО СКОПЈЕ

Кога ќе ги прашате старите скопјани за Карпош, ќе речат дека тој е релативно млада населба. Посебно ако погледот им залута кон „Букурешт“, Тафталице, Влае... Да, Карпош е релативно млада општина, иако во меѓувреме се изродија многу понови, помлади. Сега е таа средовечна, зашто, колку и да е млада, доволно е стара за да памети. А ја памети една од најстрашните катастрофи што го снајдоа нашиот град. Катастрофалниот земјотрес во 1963 година, во кој настрадаа 1.070 граѓани, 3.300 останаа тешки инвалиди, а во еден момент 10.000 беа под урнатините. И тогаш постоеше Карпош, иако тоа беше само Карпош 1, но доволно да ја вбразди најдлабоката лузна од оваа трагедија. Карпош беше едно од најпогодените подрачја во градот, со најмногу човечки жртви. Во двете, сега веќе легендарни згради, 11-та, во која пропаднаа два ката под земја и кобната 13-та во која загинаа дури 195 станари, се впишаа темните страници на историјата на Карпош. Зацрнети семејства, изгубени животи, луѓе без дом, семејства без деца. Пустош. Болка до немајкаде. Може ли тоа да се заборави? Никогаш! Затоа Карпош памети и се сеќава. Токму затоа сега повторно, 50 години потоа, Карпош и карпошани се сетија на трагичниот момент од својата историја. Го одбележаа тој ден, со венец свежо цвеќе за починатите и со благодарност за солидарните. Затоа што во таа општа трагедија згасна многу нешто, но не згасна желбата за живот. Карпош да се исправи повторно на нозе и да зачекори напред.

Оттогаш наваму се затвори едно црно поглавје и почна да се гради посветлото, новото. Никнаа новите домови, се создадоа новите населби, Карпош 2, 3 и 4, Тафталице 1 и 2, Влае 1 и 2 и уште многу нови. Тие се изродија од човечкото срце, од човекољубието и од желбата да му се помогне на Скопје. За градот убав пак да никне... Од сите страни на светот доаѓаше помош и поткрепа. Се издигнаа руските згради, финските и словенечките бараки, романските кули, се роди улицата Мексичка, Франц Прешерн, Иван Цанкар, Женевска, Адолф Цибровски и уште дузина такви. Сега Карпош е убав, најубав, можеби затоа, зашто знае да памети, да биде благодарен и да го негува мултинационалниот дух на заедништвото и на хуманоста. Да се помогне секому, секаде и секогаш. Најмногу на оние на кои тоа најмногу им е потребно. Во тешките моменти, како оној пред 50 години.

На тие тешки моменти и потоа се сеќаваат и најстарите наши жители.

В.Ц.

Скопскиот земјотрес низ сеќавањата на Трипун Карапетров

ЕНТУЗИЈАЗАМ РОДЕН ОД БОЛКА

Катастрофата што со земја го срамни главниот град на Републиката, во спомените на нашиот соговорник се врежала со целата тежина на трагедијата, но и со восхитот од сеопштата желба градот повторно да го фати курсот кон прогресот...



Трипун Карапетров, пензиониран дипломат од кариера, чиј професионален ангажман бил поврзан со источноевропските земји, а голем дел од работниот век поминал во Москва, Русија, е жител на Карпош од постземјотресниот период. Во времето пред катастрофалниот земјотрес тој студирал економија во Скопје и оттогаш, на овој или оној начин, Карпош му прирасна за срце. Затоа, ако го прашате од кога живее на тлото на Карпош, ќе ви одговори едноставно – отсекогаш. Иако виулиците на животот го воделе по разни патишта и на разни места, Карпош, вели тој, е негов дом - тоа бил, тоа и ќе биде.

На скопскиот земјотрес, големата природна катастрофа што неповратно го измени градот и кој му наложи поинаков историски тек, нашиот соговорник се сеќава со очигледна чемер.

- Јас бев во Полска кога се случи земјотресот. На радијата таму ечеше информацијата за скопскиот земјотрес кој го разорил градот. Сè уште немаше прецизни информации за бројот на загинати, повредени и за материјалната штета, но општиот впечаток што го пренесуваа весниците и радијата беше поразителен и внесуваше страв во коски за секој што имаше некој во Скопје. Се јавувавме по теле-

фони да чуеме кој каде е, дали се живи нашите и бргу-бргу гледавме да си дојдеме. И јас си дојдов два дена по земјотресот. Купив билет за воз и си дојдов – се сеќава нашиот соговорник.

Атмосферата што тука го пречекала, вели Карапетров, не се опишува со зборови: урнатини, писоци, лелеци, прав, смрт... Само фамозната зграда со број 13 во Карпош однела повеќе од сто животи, а таа, пак, со број 11 со два ката била потоната в земја.

- Мојата сопруга, Благородна Карапетрова, како студентка во тоа време, престојуваше кај пријатели, во домот на Тошо Камиловски. Нему земјотресот му ги одзеде помалата ќерка и сопругата... Не можеш да се помириш со тоа... Тоа е вистинска трагедија... Човек во таква состојба се соживува и со луѓето што не ги познава, а камоли со тие што ги познава или што му се блиски – ја евоцира болката Карапетров.

Реки луѓе, вели нашиот раскажувач, имале потреба од покрив над главата и морало нешто да се стори. И тоа бргу...

Како и многу други млади луѓе, и тој веднаш се вклучил во студентските акции за обнова на градот, со првична цел – обезбедување престојувалишта за студентите од цела Македонија да го продолжат учењето без никакви пречки. Со видлива носталгија во очите и во зборовите, нашиот соговорник си приспомнува за обновата на градот и за ентузијазмот што тогаш владеел.

- Се градеше без престан, со многу желба зимата да се дочека како што треба, а студентите да не изгубат година од студирањето. Организатор на обновата на Универзитетот беше Иво Пухањ, проректор на факултетот, а јас, како претседател на Одборот на Сојузот на студенти, бев секретар. Незаборавно е за мене со каков ентузијазам се работеше. На територијата на денешен Карпош, на местото каде што сега е поликлиниката „Букурешт“ имаше студентски камп. Таму беа сместени студентите кои по сопствена иницијатива беа вклучени во обновата. За нив важеше правилото дека учењето е пред сè. Како сега се сеќавам на првата средба со Пухањ откако се пријавивме за доброволна работа. Тој, впечатлив каков што беше, откако ни ги испрочита имињата, еден по еден нè испраша до каде сме со студиите, со испитите. „Ќе работат само добрите студенти“, ни рече. „Кој не фатил услов за следната година, веднаш да си оди“, отсечно ни нареди – низ смеа се сеќава Карапетров на зборовите на својот факултетски професор.

Во Тафталице, си приспомнува тој, имало камп каде во шатори престојувале луѓе што останале без покрив над главата. А се градело на сите страни. Финските и словенечките бараки, руските згради, поликлиниката „Букурешт“ се само дел од меѓународната хуманитарна помош за обновата на градот што во бран го зафатила денешен Карпош, засекогаш претворајќи ги тогашните ниви во велелепни населби.





- Во тоа време сите сакавме и бевме водени од една цел – градот повторно да застане на нозе. Никој не мислеше да профитира од тоа. За секоја странска донација се знаеше колку изнесувала, дали во валута или во материјал, и за сè се знаеше каде се потрошило, каде завршило – посочува Карапетров, горд зашто бил дел од еланот на обновата.

Земјотресот, вели тој, засекогаш го изменил животот во Скопје. Никнале населби таму каде што претходно ги немало, срушените градби се заменувале со нови, некои се обновувале...

- Градот доби поинаков дух. Оваа катастрофа не го смени само неговиот изглед, туку и начинот на живот воопшто – вели Карапетров, појаснувајќи дека постземјотресниот период бил време на експанзија на градот, која добила непропорционални размери. Некои градби, како Официрскиот дом, според неговото мислење, требало да се изградат повторно зашто биле обележја на градот. Но, тоа не се случило...

- И денес, кога се гради нешто ново, без разлика дали се тоа споменици, згради или фасади, треба да се има предвид дека со сè што се менува неповратно се брише едно парче историја – порачува за крај Карапетров.

Лилјана Петрушевска-Кочовска



КАРПОШ ГО ПОМНИ СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС

Делегацијата на Општина Карпош предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски, претседателот на Советот, Сашо Лазаревски, и секретарот на Општината, Владо Поповски беше дел од централниот настан за одбележување на 50 години од катастрофалниот земјотрес во Скопје.

Со положување венец со цвеќе пред Споменикот на настраданите жители на Скопје на Градските гробишта во Бутел, општинското раководство, во име на своите сограѓани, изрази пригодна почит и сеќавање на овој настан. Под логоата „Скопје се сеќава“ и „Скопје Ви се заблагодарува“, Карпош годинава оддаде почит на 1.070 граѓани кои ги изгубија животите во оваа природната катастрофа која историски по трет пат го срамни градот до темел. Во далечната 1963 година, освен човечките жртви имаше и повеќе од 4.000 повредени лица, целосно беа урнати 15.800 станови, а 28.000 беа оштетени. Меѓу најнастрадaните подрачја во градот беше Општина Карпош и легендарната тринаесетта зграда со повеќе од 160 жртви. Меѓутоа, Карпош израсна во модерна општина, во општина на солидарноста во чие постземјотресно издигнување учествуваа инженерски и спасувачки екипи од сите краишта на светот.

В.Ц.

ЖЕНИТЕ ВО КАРПОШ – АКТИВНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ

Извршната директорка на Македонското женско лоби (МЖЛ), Даниела Димитриевска, и претставничката на невладината организација ДЕСИДЕ, Афердита Хаџијаха Имери, во текот на месецот имаа средба со координаторката за родова еднаквост меѓу мажите и жените на Општина Карпош, Евантија Стојановска. Таа, како одговорна за работата на Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените при општинскиот Совет, беше домаќин на состанокот со советнички на Советот на Општина Карпош и со претставнички на општинската администрација.

Средбата беше од работен карактер и се однесуваше на предлог-проектот на Македонското женско лоби и на невладината ДЕСИДЕ, кој се предвидува да трае три години, а ќе опфати спроведување обуки и менторство за претставничките на Советот на Општината и на општинската администрација за реализирање проекти што тие самите ќе ги предложат. Имено, според предлог-проектот, советничките, претставничките на општинската администрација и координаторката за родова еднаквост, одговорна за работата на Комисијата за еднакви можности, можат да конкурираат со теми што ќе бидат од интерес на жените од општина Карпош. Доколку бидат избрани темите и се прифатат како предлог-проекти, тие ќе бидат спроведени во следните три години со менторска помош од ДЕСИДЕ. Целта на проектот, според извршната директорка на МЖЛ, Даниела Димитриевска, е јакнење на капацитетите на Општината за препознавање на проблемите со кои се соочува женската популација и за обезбедување адекватен пристап за нивно решавање.

Во тој поглед, како што истакна на средбата Евантија Стојановска, координаторка на Општина Карпош одговорна за работата на независната Ко-

мисија за еднакви можности, Општина Карпош има одлични предиспозиции за спроведување на ваков проект зашто со изработениот акциски план од почетокот на 2013 година веќе има сознанија за социјалниот, економскиот и образовниот статус на женската популација во општината. Проектот кој ќе почне да се спроведува во Општина Карпош од ДЕСИДЕ и МЖЛ е од голема важност заради конекцијата воспоставена во текот на реализација на истиот со жените пратенички во Собранието на Република Македонија и нивното влијание во однос на донесувањето законски решенија во корист на унапредување на позицијата на жените во македонското општество. Предноста на Општина Карпош е што веќе е донесен акциски план, во кој се содржани теми кои се од витално значење за жените од општината и кои ќе бидат искористени во проектот на МЖЛ и на ДЕСИДЕ, а бидејќи проектот ќе трае три години, акцискиот план на почетокот од 2014 година ќе биде ревидиран сè со цел новата Комисија за еднакви можности и нејзините членки да имаат можност да се запознаат со досегашниот акциски и да се дел од носењето на новиот ревидиран акциски план, збогатен со нови теми важни за жените во Карпош и во Македонија.



Општинската администрација, според зборовите на Евантија Стојановска, со задоволство се вклучува во проектот и очекува дека, на обострано задоволство, истиот ќе забележи виден успех во корист на граѓаните на Општина Карпош.

Л. П. К.

ЈАКИМОВСКИ, ПОЧЕСЕН ГОСТИН НА ЖЕНСКОТО ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, и општинска делегација деновиве присуствуваа на свеченото отворање на Европското првенство во шах за жени во поединечна конкуренција во Белград.

Европската шаховска унија го покани општинскиот татко на церемонијата за отворање на ова пре-



стижно натпреварување како почесен гостин, поради големите залагања за развој на шахот во Република Македонија и пошироко во регионот.

Во рамките на дводневниот престој во Белград, градоначалникот на Општина Карпош и неговата делегацијата оствари работна средба со извршниот директор на Европската шаховска унија и со нејзиниот претседател, Владимир Шакотиќ и Силвио Данаилов. На состанокот се разговараше за условите и за предностите на Општина Карпош како потенцијален организатор на Европскиот шаховски клупски куп во 2015 година. Според зборовите на секретарот на шаховскиот клуб „Гамбит Ассеко СЕЕ", Марјан Митков, кој беше дел од делегацијата од Карпош, а е технички реализатор на традиционалниот шаховски турнир „Опен Карпош", нашата Општина е на чекор од можноста да биде организатор на големиот Европски шаховски клупски куп, кој треба да се одржи во 2015 година. Со оглед на тоа дека Општината сè уште нема противкандидат во поглед на апликацијата за доделување на организацијата, официјалните резултати се очекуваат во септември.

М. Г.

ЗАЕДНИЧКИ ЗА ПОЧИСТ КАРПОШ

Минатиот месец на територијата на општина Карпош беше спроведена тридневна комунална акција за чистење на улиците, во координација меѓу ЈП „Комунална хигиена“ - Скопје и општинските комунални служби кои се задолжени за одржување на хигиената на територија на локалната самоуправа.



Освен чистењето на коловозите, тротоарите и останатите јавни површини, се вршеше и поправка на оштетените и неисправни контејнери, како и расчистување на дивите депонии на определени микролокации. За оваа цел, во сите урбани заедници на одредени локации, се поставија големи контејнери од пет кубни метри, кои беа отстранети по завршувањето на акцијата. Екипите на „Комунална хигиена“ на 27 јуни ги чистеа урбаните заедници Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3 и Карпош 4, на 28 јуни - урбаните заедници Владо Тасевски, Тафталице 1, Кузман Јосифовски Питу, Пецо Божиновски Кочо и Злокуќани, а на 29 јуни - урбаните заедници Тафталице 2, Нерези, Влае 1, Влае 2 и Бардовци. Во текот на неговите активности во општина Карпош, ЈП „Комунална хигиена“ учествуваше со 40 работници, еден товарувач, два камиони-кипери, две автоцистерни и три автоматски метлачки.

И.Ѓ.

ОПШТИНСКА ДОНАЦИЈА ЗА ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА „СКОПЈЕ“

На барање на Психијатриската болница „Скопје“ - Бардовци, во текот на минатиот месец во рамките на болничкиот двор Општина Карпош постави нова урбанистичка опрема. За потребите на пациентите и посетителите на болницата беа поставени 12 парковски клупи за седење и шест корпи за отпадоци. Набавката и монтирањето на урбанистичката опрема го изврши фирмата „Мастеф”, а финансиската поддршка ја чинеше Општината 145.500 денари. Со овој гест, продолжува добрата соработка помеѓу локалната самоуправа и оваа јавна установа, која и досега беше на завидно ниво.

И.Ѓ.



ЦИМ-експертот на Општина Карпош на „Експорт-ден“ во Виена

ТУРИЗМОТ НАЈИНТЕРЕСЕН ЗА ИНВЕСТИЦИИ

Христијан Хартвиг, ЦИМ-експерт од Германската развојна кооперација за Општина Карпош, на 20 јуни 2013 година учествуваше на 11. Австриски експорт-ден кој беше организиран од Австриската федерална стопанска комора (АФСК).

Повеќе од 2.500 регистрирани посетители, 45 изложувачи и 71 делегат од Австриската стопанска комора придонесоа за успешноста на Експорт-ден, еден од најголемите информативни настани за стимулирање на извозот во Австрија.

Главниот фокус при учеството на господин Хартвиг како претставник на Општина Карпош беше остварувањето на соработка со Герхалд Шлатл, австрискиот деловен аташе и претставник на „Адвентиџ Австрија“ во Македонија. Одредени можности за соработка беа дискутирани на билатерален состанок, каде што и двете страни се согласија за потребата од подобрување на економските релации меѓу Македонија и Австрија. Дополнително, австриските гости и презентери беа поканети на „Денови на енергетска ефикасност на Општина Карпош“ кои ќе се одржат наесен годинава.

Најатрактивен и интересен економски сектор за инвестирање во Македонија и во Општина Карпош за австриските компании, според двајцата експерти, се покажа агробизнисот и туризмот, но истовремено има широк опсег на други индустрии и сектори кои се интересни, како што е менаџирање со вода, комуналните услуги, менаџирање со отпад, градежништво и инфраструктура и делумно обновливи енергии и енергетска ефикасност.

Во тој контекст, двајцата експерти, исто така, дискутираа за можностите да привлечат нови инвестиции во Македонија и во Општина Карпош. Многу веројатно е фокусот на билатерланата соработка да биде кон еден сектор, како, на пример, индустријата на услуги.

Во градежниот сектор, пак, австриските компании се соочуваат со вистински предизвик бидејќи нудат висококвалитетни производи од Австрија кои се поскапи од другите производи. Гледано на долг временски рок, овие трошоци се амортизираат лесно бидејќи тие производи ја поддигнуваат енергетската ефикасност, ги намалуваат трошоците за одржување што се должи на повисоката издржливост, така што конечно доаѓа до „пеглање“ на ценовниот диспаритет, а добивката од нивното вградување ги компензира поголемите трошоци.

Друг заклучок од разговорите беше дека дефинитивно ќе има нови австриски инвестиции во Македонија, вклучувајќи ја и Општина Карпош. Меѓутоа, како што истакна Шлатл, инвестицијата е само една страна од медалот. Надворешната размена е подеднакво важна и исто така отвора можности за вработување.

Господин Хартвиг, исто така, имаше состаноци со претставници од банките за финансирање на проекти во Македонија и Австриската развојна агенција која ги презентираше можностите за економски партнерски програми меѓу австриските компании и локални партнери. По неговото враќање во Скопје, тој ги пренесе своите впечатоци и искуства во Општина Карпош за заклучоците од настанот „Експорт-ден“ и како тие би можеле да се применат во нашата општина.

Игор Ѓуровски



НОВИ ИГРАЛИШТА, НОВИ УЛИЦИ...

Летото во полн ек за општинската администрација значи да се работи со полна пареа. Минатиот месец се реализираа голем број проекти предвидени со програмата за работа на Општина Карпош за овој период. Меѓу другото, се асфалтираат улици, се реновираат училишта и градинки, се изведуваат инфраструктурни зафати на канализацискатa и водоводната мрежа, но се мисли и на најмалите на кои секогаш им е потребна забава, а особено лете...







Реконструкцијата на детското игралиште на улица Пелистерска во Карпош 3, на површина од 220 квадратни метри, каде е поставена нова ограда, три лулашки, три клацкалки, куќарка со мост, скали, сид за качување и лизгалка, мала куќарка, дрвени скали со голема лизгалка, пет клупи за седење и пет корпи за отпадоци, ја изведе фирмата „Лапласт М".



За реконструкцијата на крак од улицата Гиго Михајловски во Карпош 1, со должина од 125 метри, ангажирана беше фирмата „Ескаватори“.



На улицата Братфордска во УЗ Кузман Јосифовски Питу, долга 470 метри, почнато е стружењето на асфалтот и подготовката за асфалтирање, а изведувач на зафатот е фирмата „Бауер БГ“.



Асфалтирањето на улицата Ловќенска во УЗ Кузман Јосифовски Питу, со должина од 300 метри, го изведе „Бауер БГ“.



Атмосферската канализација на крстосницата на улиците Козле и Леринска во УЗ Кузман Јосифовски Питу, со должина од 10 метри, ја изведе фирмата „ДА-БО компани“.



Фекалната канализација на Новопроектирана улица 3 во Тафталиџе 1, со должина од 96 метри, ја изведе фирмата „Еуроинвест ИНГ“.



На Новопроектираната улица 3 во Тафталиџе 1, „Еуроинвест ИНГ“ ја изведе и водоводната шахта.





Замената на прозорците и санацијата на санитарните јазли во градинката „Пролет“ во УЗ Кузман Јосифовски Питу ги изведе „Југотехника“.



Замената на оштетениот паркет во детската градинка „Распеана младост“ во Карпош 1 ја изведе фирмата „Викторија градба“.



Молерисувањето и бојадисувањето за ООУ „Јан Амос Коменски“ во Тафталиџе 1 беше доверено на фирмата „Мастеф“.

Традицијата продолжува

БОГАТО И ДИНАМИЧНО „КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2013“

Со огромни очекувања и нетрпение жителите на Општина Карпош и ова топло лето одбројуваат до почетокот на „Карпошово културно лето 2013“, на кое ќе се забавуваат речиси цел месец со оваа веќе традиционалната манифестација. На долгоочекуваните карпошови денови, кои ќе почнат од 14 август и ќе траат до 6 септември, се очекува многу публика, но и многу естрадни и културни уметници, вклучувајќи балкански и македонски изведувачи, како и познати странски и домашни групи.

Отворањето на „Карпошово културно лето 2013“ на 14 август е со почеток во 20.30 часот на спортското игралиште „Сокол“ со целовечерен музички концерт на легендарниот хрватски бенд „Црвена јабука“. Атмосферата ќе се одржува секој ден потоа со настапите на АКУД „Мирче Ацев“, кое своите традиционални танци и ора ќе им ги презентира на присутните во Амфитеатарот во Карпош. Ликовните уметници ќе имаат можност да се сретнат и да му се заблагодарат на градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, за сета поддршка, а нивните акварелни дела ќе може да се видат на ликовната изложба со музички концерт на групата „Гуру Харе“ во Амфитеатарот на Кејот на Вардар. Оние кои нема да присуствуваат на ликовната изложба, ќе можат да гледаат дневен ликовен настан на 17 август од 12 часот во ТЦ „Лептокарија“. Вечерта, истиот ден и на истото место ќе се одржи концерт на камерна музика, на кој талентирани уметници ќе свират на пијано и флејта, а ќе бидат мелем за уши. Следниот ден во Амфитеатарот во Карпош жителите од Карпош ќе имаат можност да присуствуваат на вечерната албанско-турската културна вечер, на која ќе се претстават повеќе изведувачи.

За љубителите на краткометражните документарни филмови, на платото „Педагошка“ на 20 август ќе има промоција на делата од КОТА. Следниот ден на „Карпа“ голем дел музички изведувачи ќе ја означат авторската вечер на познатиот Огнен Неделковски, а еден ден потоа, на исто место и во исто време, многубројната публика ќе може да се забавува на латино-звуците на незаменливиот Петар Ренцов. Карпошовиот викенд ќе продолжи со џез-музиката на „Киселички бенд“, стендап-комедијата на Никола Тодороски и проекција на играно-документарен филм, домашна музика и македонски специјалитети од „Салата Македонија“ и „Етно стрит бенд“.



Карпошовото културно лето продолжува на 27 август со настапот на гостите од Сараево, КУД „Пролетер“, со сараевска културна вечер, а следната вечер присутните ќе имаат можност да ја слушаат тамбурашката музика на „Панонска Морнарица“ од Нови Сад.

На средина од карпошовите културни денови, големата домашна музичка дива Каролина Гочева својот целовечерен концерт ќе го одржи на спортското игралиште „Сокол“ во четврток, 29 август. Следните денови манифестацијата ќе биде збогатена со концерт на етно-поп музиката на група „Темпера“, а дицеите Драган Б. Костиќ и Вера Јанковиќ се очекува да ја кренат на нозе не само младата туку и постарата публика на „Карпош ретронајт“.

И септември ќе биде доста „културен“, зашто веќе на први, во ТЦ „Лептокарија“ ќе ечи џез музиката на „Шери коктел џез бенд“, а амфитеатарот ќе биде место за наредниот ден да се наполни со публика која ја обожава севдалинската музика од гостинскиот бенд од Мостар, „Севдах бенд реунион“. Во среда, на 4 септември, на плоштадот „Млечен“, ќе се одигра мјузиклот „Чевел“, а претпоследниот ден од затворањето на „Карпошово културно лето 2013“, во вечерните часови на „Карпа“, ќе свири рок музика на која ќе се претстави групата „ДНО“. Свеченото затворање ќе почне од 12 часот, со концерт на детска музика на која ќе присуствуваат победничката на „Сан Ремо“, Ања Ветерова, млади виолинисти и деца од фестивалот „Поточиња“. Вечерната манифестација на затворањето ќе се одржи на 6 септември на игралиштето „Сокол“, со почеток во 20.30 часот, а се очекуваат огромен број посетители бидејќи настапува големата српска фолк-звезда Мирослав Илиќ . Дваесет и четири денови исполнети со музика, дружба, културни и ликовни манифестации, речиси цел месец збогатен со забава само во Општина Карпош.

Мила Глигорова



Викторија Лоба беше една од најголемите тинејџерски атракции на „Карпошово културно лето 2012“.



Етнозвуците на „Бистрик бенд“ и прекрасната интерпретација на Билја Крстиќ, на задоволство на двеилјадната публика, минатата година официјално го отворија „Карпошово културно лето“.



Со свој настап, Бодан Арсовски го збогати „Карпошово културно лето 2009“ .



Со прекрасниот глас на Коштана и копнежот по младоста на Митке почна „Карпошово културно лето 2011“.



Дваесетина светски познати акварелисти со свои дела од Третиот меѓународен симпозиум го збогатија „Карпошово лето 2012“.

Кемал Монтено приреди незаборавно затворање на „Карпошово културно лето 2010“, потсетувајќи на незаборавните звуци на југословенската поп-музика.





Стендап-комедијата „Жени, политика и секс“ во изведба на Сашо Тасевски до солзи ги насмеа карпошани летото 2012 година.

Главна награда за МКУД „Цветан Димов“ на Меѓународниот фестивал „Пеце Атанасовски“

СО ИЗВОРНА МУЗИКА ДО СРЦАТА ВО ПУБЛИКАТА



На 39. Фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“, што се одржа на 6 и 7 јули во Долнени, Прилепско, оркестарот на Младинското културно-уметничко друштво „Цветан Димов“, чиј покровител е Општина Карпош, ја освои главната награда.

- На двете фестивалски вечери реализиравме по еден триесетминутен концерт, со настап на 14 млади луѓе, деца на возраст од околу 12-13 години, кои свиреа на кавали, гајда, тапани и на тамбури. Публиката беше буквално маѓепсана, а од самото жири не само што добивме пофалби, туку и ни беше нагласено дека со својот настап сме им ја олесниле работата околу одлучувањето. Ни рекоа дека се сигурни дека наградата отишла во вистински раце – ни ги пренесе впечатоците Бранко Јовевски, претседател на МКУД „Цветан Димов“.

Фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“ е од интернационален карактер и годинава имаше повеќе од 200 учесници од Македонија и од соседните држави. Според Јовевски, она што особено го издвоило настапот на МКУД „Цветан Димов“ од општина Карпош од другите било тоа што нивниот оркестар се претставил со изворни македонски инструменти и со репертоар кој е соодветен за таква изведба.

- Неодамна направивме радикална промена на репертоарот со кој настапува нашиот оркестар зашто заклучивме дека токму изворната музика, изведена со автентични македонски инструменти, е таа што предизвикува посебно внимание и воодушевување кај публиката – објасни Јовевски.


Тој потврди дека од прилепскиот фестивал си дошле воодушевени од мермерната статуа на Пеце Атанасовски, која ја заслужиле со својот настап. Покрај тоа, МКУД „Цветан Димов“на овој фестивал ја освои и наградата за најуспешен настап во категоријата деца,односно млади фолклористи. Јовевски потсетува и дека овој ансамбл на Меѓународниот фестивал во Катовице, Полска, минатиот месец, исто така, се врати со прва награда и тоа во конкуренција на повеќе од 600 ансамбли.

- Младинското културно-уметничко друштво „Цветан Димов“ негува изворен македонски фолклор и по тоа сме препознатливи. Овие успеси се наши, но истовремено претставуваат промоција на нашата Општина, која нè поддржува, но и на цела Македонија. Тоа ни е особено важно, исто како што ни е важно да оставиме завет за идните генерации да продолжат да го негуваат македонското изворно фолклорно богатство – вели Јовевски.

Л. П. К.

Магдалина Михајловска, младата детективска поетеса, на голема врата влезе во британска публикација

МАЛАТА АГАТА КРИСТИ ОД КАРПОШ



Името на Магдалина Михајловска, осмооделенка од ООУ „Владо Тасевски“, е единственото македонско име што ќе го сретнете во публикацијата „Детективи за поезија – Идни поети“ (Poetry detectives – Future poets), објавена годинава од издавачката куќа „Јанг рајтерс“ (Young writers) од Велика Британија.

Таа има само тринаесет години, а нејзината најголема страст е поезијата. Во ова време-невреме, кога децата од нејзината генерација најмногу се интересираат за „Фејсбук“, „Твитер“ и други интернет забави и дружења, на надежната „детективска поетеса“, Магдалина Михајловска се уште најдобар другар и е книгата, и тоа од оние „старинските“, во „хард“ форма (испечатени на хартија) како што велат новите генерации.

Горделивата мајка, Виолета Михајловска, вели дека нејзината ќерка самата ја избрала поезијата како начин на изразување и како личен интерес, но сепак да аплицира за конкурсот на млади писатели (Young writers) во Обединетото Кралство, ја поттикнала нејзината наставничка по англиски јазик и одделенска раководителка, Виолета Панев.



На него, Магдалина конкурирала со песната „Крадец“ (A Thief), што ја напиша на англиски јазик, но со „македонска фантазија“ и со детективското срце што го носи во себе.

- Бевме изненадени кога добивме писмо во кое нè известија дека песничката на нашата ќерка Магдалина ќе биде објавена во британска публикација. Таа доби и сертификат за учество, бидејќи нејзината песна беше избрана меѓу многуте доспеани, со што не известија дека ќе и биде публикувана во книгата „Детективи за поезија – Идни поети“.Несомнено, тоа е успех и поттик кој не може да не се забележи. Официјалните резултати од натпреварот, односно името на победникот меѓу сите „детективски поети“, ќе го дознаеме наскоро – вели Виолета, мајката на младата поетеса, искрено надевајќи се дека и тука ќе имаат пријатно изненадување од Магдалина.

Магдалина, пак, објаснува дека потајно се надевала дека нејзината песничка ќе биде објавена, зашто во себе длабоко верувала дека е добро напишана. За својата возраст, таа е мајстор на перото, се разбира, меѓу другото, благодарение и на тоа што постојано се „храни“ со читање.

- Сакам да читам зашто тоа ме исполнува, ме пренесува во светот на фантазијата, во еден поинаков свет во кој сè е можно – вели Магдалина и додава дека еден од нејзините омилени автори е Калед Хосеини, а неговата книга „Илјада неверојатни сонца“ ѝ оставила навистина силен впечаток.

Младата поетеса има добиено толку многу награди на натпревари за литературно изразување, особено за поезија, што веќе и не се сеќава на сите.

- Неодамна, на конкурсот на Библиотеката „Другарче“, распишан на тема за просветителите Кирил и Методиј, Магдалина беше првонаградена – вели гордата мајка Виолета. Таа и нејзиниот сопруг, Горан, се пресреќни што нивната ќерка има талент за пишување, зашто сметаат дека тоа е дарба на високоизградени личности. Песната „Крадец“ што британската издавачка куќа „Јанг рајтерс“ ја избра во навистина силна конкуренција за да ја објави во својата публикација „Детективи за поезија – Идни поети“ е потврда дека поетската ѕвезда на нивната ќерка свети многу подалеку и од Карпош, и од Скопје и од Македонија.

Лилјана Петрушевска-Кочовска



Албан Мифтари „ожнеа“ пет медали за еден месец

СТИПЕНДИСТ НА ОПШТИНАТА НА РЕПРЕЗЕНТАЦИСКАТА ГОЛ-ЛИНИЈА

На фудбалскиот терен, пред гол-мрежата, ја чувствува својата слобода. Скромен во своето однесување, но со амбиција да стане врвен голман од светски калибар, Албан е добар пример за тоа како треба да се градат идните млади спортисти

Разговорот со Албан Мифтари, голман на Македонската младинска репрезентација и стипендист на Општина Карпош, го остваривме сосема спонтано, за време на неговиот вообичаен тренинг, на кејот покрај реката Вардар. На фудбалскиот терен, пред гол-мрежата, тој најдлабоко ја чувствува својата слобода. Скромен во своето однесување, но со амбиција да стане врвен голман од светски калибар, иако е засега ученик во Средното фискултурно училиште, Албан е добар пример за тоа како треба да се градат идните млади спортисти: без пороци и со потекло од семејство што се гордее со успесите на голманот Дардан Мифтари и на познатата новинарка Дилза Мифтари. Кон врвот на своето поле, фудбалот, сега ита и младиот Албан.

Првите „фудбалски“ чекори ги има направено во Фудбалскиот клуб „Металург“, па продолжува во „Македонија Ѓорче Петров“, за сега да се фокусира на клубот со кој постигнува врвни резултати, ФК „Шкупи“.

● **Кога првпат почувствува желба да зачекориш на фудбалскиот терен и да застанеш зад голлинијата?**

- Јас како да се родив во голманската мрежа. Мојот постар брат е професионален голман, а мојот вујко беше ракометар на Македонија. Чинам, уште кога првпат ги отворив очите, се вљубив во голманската мрежа и веќе никогаш не се разделив од неа.

● **Голема е одговорноста да се настапува за Македонската младинска репрезентација. Какво е чувството да се чува националната гордост, бранејќи го голот, во миговите кога на теренот остануваат само играчот од ривалскиот тим и топката која ита кон тебе?**

- За мене е големо задоволството да бидам член на репрезентацијата на Македонија и да ги остварам сите соништа на еден професионален голман. Да предизвикот е голем но и љубовта кон овој спорт исто така.

● **Неодамна се врати од Бурса, Турција, каде што се одржуваше турнирот „Спор". Какви се твоите впечатоци и дали си задоволен со освоеното трето место?**

- Презадоволен сум што освоивме трето место бидејќи конкуренцијата беше навистина голема, со многу познати клубови од Европа и од Балканот. За нас најважно беше да настапиме, а се надевавме и дека ќе се вратиме како еден од најдобри три клуба. Тоа и ни се оствари. Ние се рангиравме на трето место, но и тоа е голем успех бидејќи со толку голема конкуренција да освоите бронза не е малку.



● **Јуни за секое момче на твоја возраст е поврзан со крајот на учебната година и со почетокот на летните авантури, но не и за тебе. Овој јуни ти освои дури пет медали - некои со твојот матичен клуб „Шкупи", а некои со Македонската младинска репрезентација.**

- За мене годинава беше најуспешна. За два месеца зедов пет медали и тоа беше големо задоволство, но и потврда дека сум добар и успешен спортист. За овој успех сакам да ѝ се заблагодарам на мојата екипа бидејќи заеднички ја постигнавме таа наша цел. Со мојот тим играв во финалето од Купот на Македонија, а по неколку дена бевме дел и од турнирот „Чаир куп", во кој стигнавме до финалето и го освоивме првото место. Имаше и неколку други натпревари на кои исто така зедовме медали.

● **Има ли Албан Мифтари омилени фудбалери и фудбалски тимови?**

- Мој омилен клуб е „Реал Мадрид". Тој клуб го сакам уште од дете. Кога бев мал, навивав за него и секогаш ќе бидам верен навивач на „Реал". Мој омилен фудбалер, пак, е Кристијано Роналдо, но меѓу голманите идол ми е Давид де Геа, кој ја чува мрежата на „Манчестер јунајтед". Мојот сон е да станам како него и да бранам во некој од големите клубови.

● **За кој фудбалски клуб би сакал да играш еден ден?**

- Секој има своја цел и секој спортист сака да игра во некој од големите клубови. Јас најмногу сакам да бранам за мојот омилен клуб „Реал Мадрид".

● **Кој изигран меч никогаш во животот нема да го заборавиш и што е тоа што ти остави толку силен впечаток?**


- Никогаш нема да го заборавам натпреварот против „Пелистер" од Битола во рамките на Купот на Македонија. Тој меч беше посебен за мене зашто за нашиот клуб беше особено важен, а јас успеав да се покажам во најдобро светло. Се разбира, победивме со 2:1.

● **Какви се твоите планови за иднината, дали професионално би се занимавал со фудбал?**

- Месецов ќе патувам за Германија на проба и мојот план е таму да се презентирам најдобро што можам, и по можност, да останам да играм за некој од германските клубови. Како што веќе реков, моја најголема љубов е фудбалот, моја омилена улога во него е голманската, па според тоа, а со оглед на фактот дека дел од моето семејство професионално се занимава со спорт, и јас сакам да го правам тоа во иднина.

Дарко Андоновски

Подгответе ја вашата летна аптека за одмор



Лето е. Сигурно многумина од Вас веќе се подготвуваат за летниот одмор. Правите списоци, кроите планови, избирате дестинација, но постојано само едно ви се врти во глава: „Што ако заборавам нешто“. Се отвораат многу дилеми што да понесете, но вие, сепак, на крајот ја носите половина куќа со себе.

За безгрижно семејно летување, најважно од сè е со себе да ги понесете соодветните лекови за прва помош.

Таблети против гадење и повраќање при патување

Ваквите таблети се даваат непосредно пред патување, а кога веќе ќе се појават мачнините не треба да се земаат бидејќи тогаш може да се поврати лекот.

Средства за намалување на висока телесна температура и болки

Парацетамол (фебрицет, парацет, ефералган) или ибупрофен се лекови кои ефикасно ја намалуваат температурата. Сирупите се погодни за децата, но ако детето го повраќа сирупот, најдобро е да користите супозитории (не се користат ако детето има пролив). Овие лекови може да бидат и добри аналгетици за ублажување на болката, а може да помогнат и во лекувањето на сончаница со земање големо количество течности.

Лекови против алергија - антихистаминици

Појавата на алергии за време на летниот одмор сè повеќе станува неизбежна. Се појавува како акутна реакција од солена вода, сонце, храна, инсекти и сл. Важно е да се дејствува брзо. На детето може да му дадете антихистаминик сируп. Овие лекови се многу ефикасни, бидејќи може да ги ублажат и симптомите што се појавуваат при изгореници предизвикани од прекумерно сончање.

Капки за нос

Солените капки за чистење на носот не е задолжително да ги имате, но во летниот период особено честа е појавата на сушење на слузокожата во носот, па овие капки го олеснуваат дишењето.

Капки за очи

Честото седење во песок и триењето на очите може да доведе до воспаление. Затоа е особено важно при рака да имате и вакви капки за да си помогнете себеси и на најблиските во случај на каква било иритација на очите

Раствори за рехидратација

Во случај на дијареа и повраќање, многу е важно да ја надоместите загубената течност зашто лете е особено лесно да настапи дехидратација на телото.

Пробиотици, лаксативи, таблети од медицински јаглен

Овие лекови, како и средствата против опстипација, се употребуваат за регулирање на цревната флора, против желудочни или проблеми со варењето.

Средства за дезинфекција на кожа и рани

Трипроцентниот хидроген-спреј, стерилни гази, завои и фластери се задолжителни во секоја летувачка аптека за случај на повреда, за третирање на исечници или гребаници.

Антибиотици

Антибиотик не се препорачува да се понесе зашто тие имаат нестабилна структура и лесно може да го изменат составот при промена на температура. Сепак во тој поглед консултирајте се со лекар.

Препарати за заштита од сонце со заштитен фактор

Нанесувајте крем на секои два-три часа, особено кога ќе излезете од вода. Особено внимание и заштита им е потребна на бебињата и на малите деца. Половина час пред да излезете на сонце, намачкајте го целото тело на детето со видлив слој заштитен крем. Користете препарати со СПФ 50, кои се специјално наменети за бебиња и за деца, но прво проверете дали имаат двојно поголема УВ-заштита (УВА и УВБ). Не заборавајте, доколку е времето облачно, неопходна е иста заштита бидејќи УВ-зрачењето продира низ облаците.

Покрај овие, задолжително е да понесете и средства за ублажување на изгореници од сонце и за смирување на иритации и воспаленија на кожата од убоди од инсекти.

Средства за заштита од комарци

Без овие средства не очекувајте мирен сон ноќе и пријатни вечерни прошетки, без разлика дали сте покрај море или езеро. Не ризикувајте ситниците да ви го расипат одморот.

Анета Манчевска



ОСВЕЖИТЕЛНИ ПИЈАЛАЦИ ЗА ЛЕТНИТЕ ВЕЧЕРИ!

Во неподносливите летни горештини, кога ќе помислите на освежување, прво на што ви текнува е нешто ладно од фрижидер! Израдувајте го своето семејство, особено најмладите, со овие вкусни летни освежителни задоволства!



Освежителен пијалак од праски

Потребни состојки:

4 шолји вода, 4-5 крупно исечкани праски, свежо исцеден сок од 4-5 лимони, три четвртини шолја шеќер, 2 шолји мраз

Приготвување:

Во сад за готвење ставете ги праските, шеќерот и водата. Варете 3-4 минути. Низ цедалка претурете ја течноста во друг сад, а праските пасирајте ги со лажица за ги отстраните лушпите. Оладете ја течноста, додајте го сокот од лимон и мразот. Украсете по желба.

Може да добиете жестока варијанта од овој пијалак ако додадете бел рум, вотка или текила.

Мохито

Потребни состојки:

50 милилитри бел рум („хавана клуб“, „бакарди“), 2 супени лажици темен (диетален) шеќер, половина зелен лимон, десетина коцки мраз, 12 ливчиња нане (мента) и газирана вода

Приготвување:

Во висока чаша ставете ги ливчињата од нане и зелениот лимон исечен на парчиња. Додајте го шеќерот и изгмечите ги состојките. Додајте мраз, рум и на крај полијте со газирана вода. Украсете со парче зелен лимон.

Мохито за деца и за трудници



Потребни состојки:

75 милилитри сок од јаболка, 75 милилитри кисела вода, 1 зелен лимон, 2 ливчиња од нане, 1 лажичка ванилин шеќер

Приготвување:

Исечкајте го лимонот, додајте ванилин шеќер и нане. Изгмечете ги состојките, додајте неколку коцки мраз, сок од јаболко и кисела вода. Украсете со парче јаболко и со зелен лимон.

Изгасете ја жедта со продукти што содржат вода

Во исхраната вклучете повеќе овошје и зеленчук кои содржат поголемо количество вода, а г малку калории. На тој начин ќе му овозможите на организмот правилна хидратација, а во исто време и електролити кои се неопходни за подобро искористување на водата во него.



Меѓу продуктите што содржат најголем процент вода се вбројуваат: краставици со 96 проценти, зелена салата со 95 проценти, домати и пиперки со 94 проценти, лубеница, јагоди и спанаќ со 91 процент, диња со 90 и праски со 89 проценти.

Убавите дворови, украс на Општината

ЕГЗОТИЧНА ЛАДОВИНА ВО НЕРЕЗИ

Вистински љубители на природата се Зоран и Снежана Димовиќ, нашите сограѓани од улица Козле број 237. Слика за тоа е нивниот мал, со вкус и со многу љубов уреден двор, во кој доминира зеленилото, исткаено со цвеќиња, разнобојни и весели, речиси насмеани.

- Сè што е во овој двор е направено со ќеф и само за ќеф. Овие керамички фигурички што го украсуваат тревникот се собирани со години. За една од нив, едно многу интересно керамичко црвче, одев дури до Грција за да го купам. Не знам колку пари сме вложиле да изгледа дворот вака како што изгледа, ама знам дека тоа го правевме со многу љубов, па парите и не ни беа важни. Освен тоа, ваков двор не се создава одеднаш, потребни се многу години, па и есапот изгледел – на шега ни вели нашиот домаќин Зоран Димовиќ.

Сардели, петунии, бегонии, емпатии ви се насмевнуваат од секој агол на оваа цветна градина, но сопствениците одгледуваат и родни дрвја и растенија, како праски и киви. Централно место во дворот има и едно дрво-банана за кое Зоран ни раскажа дека го донел, исто така, од Грција.





- На ова растение му треба особена грижа затоа што зиме, ако не е заштитено, ќе измрзне. Откако ја засадив бананата, еден ден решив да се пошегувам со сопругата, па од нашето гранапче зедов една помалечка банана и ја врзав на дрвото да личи дека е негов плод. „Види“, ѝ реков на Снежана, „бананата ни родила банани“ и го повлеков плодот, демек го скинав од дрво. Таа, пак, восхитена, се затрча да види, па ми вели: „Еее, па малечка е, што не ја остави да потпорасне, да узрее“ – низ смеа ни раскажува Зоран.

За дворот и за растенијата во него, како што ни потврди нашиот домаќин, се грижат заедно со сопругата Снежана. Таа, вели Зоки, ги негува и ги гаи, а тој одредува кое кај ќе стои, каде ќе се засади. Покрај многуте цветни растенија, свој простор имаат и саксиски цвеќиња, како бенџамин, палма, драцена, шифлера и кактус, кој токму годинава, по седум години, цвета. Но, Снежана и Зоран се љубители и на животни, па оваа градина од соништата за свој дом ја сметаат и неколку гулаби, еден австралиски врабец, еден папагал какаду и малечкиот пекинезер Ели.

- Дворот го уредуваме со уживање, а крајната цел на нашиот труд е пак уживањето. Вечерните седенки во овој двор се особени и за нас и за нашите пријатели, а зимската идила тука е сосема поинаква, како од некоја приказна - ни вели за крај Зоки, љубезно канејќи нè повторно да му бидеме гости.

Лилјана Петрушевска-Кочовска

КАРПОШ - ЧЛЕН НА ГЛОБАЛНАТА КЛИМАТСКА АЛИЈАНСА

Минатиот месец, Општина Карпош стана рамноправна членка на Климатската алијанса (Climate alliance) со седиште во Европскиот секретаријат, во Франкфурт, ФДР Германија. Од основањето на здружението во 1990 година, повеќе од 1.600 градови, општини и региони се приклучија на Климатската алијанса на европските градови, а повеќе од 50 провинции, невладини и други организации им се придружија како асоцијативни членови. Координативното тело за домородните народи - Организација на амазонскиот басен (COICA), е партнер кој ги застапува интересите на домородните народи од дождовните шуми.

Со членувањето во Алијансата, Општина Карпош ќе стекне позитивни искуства, применувајќи ги најсовремените методологии при решавање на климатските прашања. Очекувањата на локалната самоуправа од членството во Климатска алијанса се успешна соработка, имплементација на планови, проекти и активности во областа на животната средина. Таа го има развиено и успешно го спроведува локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП). Станува збор за стратешки плански документ за Општина Карпош за периодот од 2011 до 2017 година. Во прилог на локалниот еколошки план, општинските служби кои се занимаваат со оваа тематика, добиваат одговори за тоа како да се управува со водните ресурси, водата за пиење и со отпадните води, како да се управува со комуналниот отпад, а исто така и како не треба да се постапува со други видови отпад. Овие податоци помогнаа во планирањето на урбанистичките планови на локалната самоуправа, како и за грижата за природните ресурси и дали тие можат да бидат зачувани и промовирани. За постигнување на оваа цел, локалните климатски стратегии постојано се развиваат и имплементираат, особено во енергетскиот и транспортниот сектор.

Главна цел на Алијансата е намалување на емисиите на јаглероден диоксид од десет проценти на секои пет години, до негово одржливо ниво од 2,5 тони јаглероден диоксид еквивалент по жител, и годишно, со спроведување мерки за заштеда на енергија и енергетска ефикасност и со користење на обновливи енергии. Важна пресвртница за преполовувањето по жител емисии (референтна година 1990) треба да се постигне најдоцна до 2030 година. На долг рок, Климатска алијанса, со сите членки, градови и општини, има цел да се намали емисијата на стаклени гасови. Секоја членка на Алијансата ќе поднесува редовни извештаи за напорите за спроведување на заштитните климатски мерки.

Јован Цветаноски

Хавзи-пашини конаци во Бардовци

НЕИЗМЕРНО ИСТОРИСКО БОГАТСТВО



Селото Бардовци, кое изобилува со прекрасна природа и шаренило од цвеќиња во секој семеен двор, е едно од најпривлечните места за секој турист. Токму таму се наоѓа познатиот историски објект - Хавзи-пашините конаци.

Датираат уште од првата половина на 19 век, од околу 1830 година до 1845 година. Во далечната 1820 година, Хавзи-паша станал скопски паша. Во Скопје тој живеел само неколку години. Подоцна го напуштил Скопје, а потоа починал.

Посетата на ова место ќе ве врати во времето на Балканската и Првата светска војна, кога некои од зградите во конаците биле сериозно оштетени. Сепак, главните станбени зграда се целосно сочувани. Во оваа состојба биле сè до крајот на Втората светска војна. Во 1944 година конаците биле изгорени и уништени од германските војски, а денеска тие се голи ѕидови. Доколку сакате да ја запознаете архитектурата од тогашното време, нема да згрешите ако дојдете тука, со тоа што ќе имате прекрасна можност да ги видите еден од највидните споменици на станбената архитектура на Балканскиот Полуостров од времето на феудалното уредување. Меѓу многубројните конаци со слична намена изградени од Турците во Македонија, на Косово, во Босна и во Србија, се истакнува дека конаците во Бардовци биле најголеми и се верува дека тие биле над другите по стилската обработка и по декоративното богатство.

Чифлиґциите на Хавзи-паша

Чифлигот во Бардовци се одликува со отворен систем на изградба и урбанистичка диспозиција во поставувањето на целината. Населбата во Бардовци се состоела од два дела, а тоа биле селската населба и конаците. Хавзи паша, одделувајќи ги конаците од населбите, им овозможил подобри услови на чифлиґциите отколку што имале тие што живееле во населбите од затворен тип. Животот на господарот, со целата негова фамилија, како и со прислужници, чувари и придружба, бил организиран во големата зграда на конаците.

Селамлук и харемлук за удобен живот

Хавзи-пашиниот комплекс бил ограден со високи ѕидини од пет метри. По должината на ѕидовите,

од надворешната страна, биле распоредени осум кули кои служеле за одбрана во случај на евентуални напади и таму стоеле стражарите.

Специјалната зграда која се наоѓала во средината од комплексот, во која се повлекувал господарот, служела за последна одбрана во случај на воен напад. Зградата која била наменета за затскривање на господарот со целото семејство, била со типичен распоред за муслиманската внатрешна архитектура за средување на еден станбен простор. Зградата била поделена во два дела, во средниот дел се наоѓал селамлукот, односно зграда за мажи, додека во источниот дел бил харемлукот, т.е. зградата во која живеат жените и децата од семејството.

Западниот дел, пак, бил наменет за коњушницата, а секој од дворците располагал со помошни згради. Меѓу главните згради на самиот преграден ѕид, се наоѓала зграда во форма на кула, која била изградена од камен и имала повеќе соби во приземјето и на катот. Овој простор служел како ризница, магацин за оружје, а и како место каде што господарот со неговиот персонал се повлекувал во случај на напад од непријателот.

Во конакот имало повеќе влезови, а главниот бил во машкиот дел, покриен со мал покрив. Зградата била наполно симетрична и се состоела од приземје и од кат без визба. Приземјето било градено од кршен камен и варов малтер, додека ѕидовите на катовите биле од дрвен бондрук исполнет со печена тула. Таванот и покривната конструкција на „спасувачката“ зграда биле од дрвен материјал, а покривот од плитка керамида. Во просториите во конакот, ѕидовите на главните соби биле изработени во гипс, биле поделени на паноа, а таваниците биле украсени со богата профилација. Камините во собите и чешмата во салонот биле од мермер и од гипс.









Забава под ведро небо

Хавзи-пашиниот конак се одликува со хол кој се наоѓа на првиот кат од зградата, а кој, во исто време, се користел и за голем број свечености. И во денешно време просторниот дел на конаците на Хавзи-паша, се користи за организирање големи забави, при што посетеноста е огромна. Како туристи намерници во овој локалитет, не само што ќе направите одлични фотографии, почнувајќи најпрво од влезната порта на конаците, внатрешниот дел кој изобилува со стар камен и остатоци од истиот, туку ви предлагаме да го запознаете целото село Бардовци и сигурни сме дека вашата посета нема да биде последна.

Мила Глигорова

ОСОВРЕМЕНЕТО ОБРАЗОВАНИЕ - ПАТ ДО ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Потребно е на државно ниво да се формира национално тело од афирмирани и компетентни теоретичари и практичари, кои во соработка со Министерството за образование и наука ќе го трансформираат и иновираат образовниот систем за доброто на младите генерации и со крајна цел – европска интеграција

Образованието како активен чинител е патоказ за иднината. Образованието, како процес, овозможува стекнување знаења и умеења и развивање на интелектуалните способности за самообразование. Тоа бара посебен приод од партиципиентите како партнери во заемна интеракција. Затоа образованието во последните децении е тема на многу национални и меѓународни собири, кои критички ги анализираат постојните образовни системи, укажувајќи на нивните слабости за понатамошен развој.

Во настојувањата да се отстранат пропустите и слабостите на образовните системи и да се прилагодат на општествените промени, потребно е содејство на сите чинители. Како резултат на изнесеното, во повеќе земји одржани се многу научни истражувања на национално и на меѓународно ниво и изведени се и усвоени повеќе документи и определби за развој на образованието.

УНЕСКО укажува на три моменти што треба да се имаат предвид во реформирањето на образованието за лични и колективни потреби. Прв момент е спротивставеноста меѓу глобалното и локалното, која се однесува на тоа да се биде граѓанин на светот, но истовремено да се зачува националниот идентитет. Втор аспект нуди противречноста меѓу универзалното и индивидуалното, што се јавува во прифаќање на глобализацијата на светот и зачувување на личниот и културниот идентитет на својот народ. Третиот момент е противречноста меѓу традицијата и современото, кој се изразува со прилагодување на новото време, на новите односи во глобалното општество, но со зачувување на корените на својот историски развој.

Поаѓајќи од сознанијата за брзите промени во современото општество, многу искуства потврдуваат дека брзиот развој ги застарува стекнатите знаења во сферата на образовните институции. Затоа се дава до знаење дека личноста, човекот, ученикот, во текот на животот треба постојано да учат ако сакаат да бидат успешни и продуктивни, односно да го прифатат доживотното учење како неминовен процес.

Европската димензија на образованието се однесува на образовната практика, програмите и содржините преку кои им се дава на знаење на индивидуите и на сите интересенти од локалното, регионалното и од европското опкружување, меѓусебно да се зближуваати да соработуваат, без оглед на националната и државната припадност. Во таа смисла, образованието треба да помогне младите да ги прифатат европските предизвици, но и да ги задржат националните, религиозните и локалните корени. Покрај наведените определби, а со оглед на констатацијата дека европското општество е соочено со социјални и економски проблеми кои меѓусебно се испреплетуваат, во документите на меѓународната заедница постојат мислења за образованието на 21 век, кое треба да се потпира на визијата за достоинствено и хумано решение на овие проблеми, за што поединците ќе го дадат својот придонес. Во решавањето на проблемите, образованието има пресудно значење бидејќи е орудие за развој и за напредување. Тоа треба да овозможи секој граѓанин да поседува знаења, вештини, искуства и особини: солидно владеење на мајчиниот јазик, разбирање и познавање на основите на математиката, природните науки и новите технологии, способност за решавање проблеми, совладување на техниките за усвојување нови знаења и вештините за комуницирање со владеење странски јазици.

Покрај тоа, се истакнува дека дипломата не е гаранција за работа доколку личноста не поседува квалитети: способност за тимска работа, чувство за одговорност и дисциплина, способност за донесување одлуки, иницијативност, љубопитност, професионализам и сл. Со ваков пристап во образованието, општеството има поставено цел - учењето да се прифати како континуирана активност во текот на целиот живот. Со други зборови, суштината на учењето е младите да се натераат да мислат, а не само да акумулираат информации.

За соодветен квалитетен развој на образованието како ресурс во земјава, во реформирањето на образовниот систем на сите нивоа треба да се имаат предвид сите наведени определби. Затоа, имајќи го предвид сегашниот образовен систем во Република Македонија, потребно е на државно ниво да се формира национално тело од афирмирани и компетентни теоретичари и практичари, кои во соработка со Министерството за образование и наука ќе го трансформираат образовниот систем за доброто на младите генерации и со крајна цел - европска интеграција.

Проф. д-р Никола Петров

Карпош Комуницира



ИНТЕРНЕТ

Елизабета Баковска

Почитувани, куќниот совет во нашата зграда не функционира од самото свое создавање. Донесен е годишен план за тековни инвестиции во влезот, кој вклучува и санирање на покривот што протекува, но станарите сепак не се согласуваат заеднички финансиски да учествуваат во неговата поправка. Каде можам да се обратам, т.е. на која инспекторска служба за да го провери ова, бидејќи и после последниов дожд кога водата тече право во разводните кабли и предизвика дефект на електричната мрежа во влезот, соседите се' уште не разбираат дека се работи за нашата општа безбедност? Ви благодарам.

Општина Карпош Почитувани, управителот или претседателот на куќниот совет, е надлежен да постапува во случаите за одржување на зградата, доколку веќе имате донесено годишен план за одржување на истата.Доколку некој од станарите не сака да финансира , претседателот на куќниот совет презема мерки опомена, а може и да покрене судска постапка.
Like · Reply · 12 July at 12:38

Општина Карпош shared a link.
13 July near Skopje

Медиумите за нас ...



Општина Карпош доби признание за филантропија
www.utrinski.com.mk

Општината го доби признанието поради својот придонес кон креирање позитивно опкружување за развој на

Armend Nuhiu секоја чест г-дине Јакимовски.
Like · Reply · 12 July at 15:07

Emilija Arsovska БРАВО ЗА СИТЕ ХУМАНИСТИ ! СЕКОЈА ЧЕСТ !

Boris Kuzmanov @kuzman0v 1 Jul
Pred nekoj mesec bese isprateno baranje do @opstinakarpos, denes klupite se pred zgrada pic.twitter.com/Gtf0clXPe7
Hide photo Reply Retweet Favorited More



Deniz Isa

До каде е гасификацијата, ветувањето е до септември 2013 домакинствата од тафталиџе 1 ќе имаат приклучок ?

Општина Карпош Почитувани, Општина Карпош го формира Јавното претпријатие за дистрибуција и снабдување со гас во јуни 2012 година. Во моментов се изработуваат главните проекти за секундарната мрежа и за терцијарните приклучоци. По добивањето на лиценците, од септември очекуваме почеток на изградбата, со што ќе се овозможи пристап до објектите, вклучително и Вашата населба. Потоа од мерно-регулационит приклучок ќе можете да си изведете прием и за да го користите гасот(котел, директно, тригенерација и сл.) што е ваша инвестиција.



Neb. Gelevski - Bane @banekoma 4 Jul
@OpstinaKarpos зошто нема мрежи на тениските игралишта во ОУ Јан Амос Коменски!? Ако сега децата не играат тенис кога ќе играат!?
Expand Reply Retweet Favorite More

Opstina Karpos @OpstinaKarpos 4 Jul
@banekoma Почитувани, во тек е примопредавањето на игралиштата во сопственост на општината
Expand

Neb. Gelevski - Bane @banekoma 4 Jul
@OpstinaKarpos благодарам на информациите, се надевам дека брзу ќе почне да се игра тенис во Тафталиџе :)



Изработила: Ива Манова

www.karpos.gov.mk

Нови успеси на џудо-клубот „Ипон“

СО ОПШТИНСКА ПОДДРШКА ДО БАЛКАНСКИ МЕДАЛИ



Џудистите од клубот „Ипон“, кој ужива поддршка од Општина Карпош, беа дел од македонската репрезентација што ја претставуваше нашата земја на Балканското првенство во џудо. Тие оттаму се вратија со два медали, од вкупно три колку што освои репрезентацијата на Македонија.

Имено, две претставнички на Македонија од клубот „Ипон“ се пласираа меѓу најдобрите и се закитија со медали. Во категоријата до 44 килограми во женска конкуренција, Блерина Сефери се закити со златен медал, а во категоријата до 36 килограми во женска конкуренција, Арбреша Реџепи освои бронзен медал. И во категоријата до 50 килограми во машка конкуренција, македонската репрезентација понесе награда. Во оваа катергорија Борче Ангелов се закити со златен медал.

На Балканското првенство во џудо, што се одржа од 5 до 8 јули 2013 година, во Текирдаг - Турција, нашата репрезентација отпатува со осум џудисти, двајца во машка конкуренција и шест во женска конкуренција. Првпат во историјата на џудо-спортот во Република Македонија освоени се три медали на едно Балканско првенство. Пред самата Балканијада репрезентативците беа на десетдневни висински подготовки на Попова Шапка, за кои трошоците за исхраната и патните трошоци беа на товар на џудо-клубот „Ипон“ од Карпош.

Л.П.К.

ФУДБАЛЕРИТЕ НА КФЦ СЕ ПОДГОТВУВААТ ЗА НОВИ УСПЕСИ

Подготовките за Детската лига на ФФМ и за Меморијалниот турнир „Сокол“ за најмладите фудбалери на Карпош фудбал-клуб, чиј покровител е Општина Карпош, се во тек. Кондициски тренинзи се одржуваат секојдневно на кејот покрај Вардар и на Водно, а од 10 август тие ќе се интензивираат.

Во рамките на овие подготовки, 12 дечиња, членови на Карпош фудбал-клуб, на возраст од 7 до 12 години, минатиот месец, од 18 до 25 јуни, беа во Дојран за кондициски и стратегиски подобро да се подготват за предизвиците со кои допрва ќе се соочат со септемвриските почеток на лигите во фудбал. Таму тие одиграа три пријателски натпревари, со тимови од Струмица, Ресен и од Радовиш, од кои од два излегоа како победници. Тренинзите во Дојран се одржуваа на теренитe „Партизан“, а трошоците за престојот на дечињата беа на сметка на клубот. Општина Карпош, од своја страна, како покровител на клубот, со желба овие надежи на македонскиот фудбал да напредуваат, им донира комплетна опрема.

И. М.



Јоана Станиќ

За месец август



ОВЕН – Месецов особен акцент ќе ставите на љубовниот живот. Можен е брак, родителство или нова авантура. На работен план ве очекуваат многу активности: вложување во недвижности, реновирање стан, средување градина или купување некој уред за домаќинство. И покрај тоа што постојано ќе бидете во движење, ќе успевате да најдете малку време во текот на денот за одмор.



БИК – Сатурн ќе придонесе да изградите стабилен, организиран и одговорен живот. Август за вас ќе биде месец на удобноста, кој ќе ви даде можност за значајни средби. Со многу енергија, креативност и со желба за учење, ќе бидете лидер на секое поле. Здравствената состојба ви е добра, но внимавајте - не возете пребрзо бидејќи постои можност за несакани инциденти за време на патување.



БЛИЗНАЦИ – Првата половина на месецот ви носи немир на полето на финансиите. Ќе морате да одвоите материјални средства и сите интереси ќе ви бидат насочени на ова поле. Од 16 август Венера ќе ви ја зголеми потребата за љубов, еротика и за страст и во секој случај ќе ви донесе убави моменти и уживање со саканата личност. Во овој период ќе морате да водите сметка за здравјето, особено по 28 август.



РАК – Адреналинот ќе ги преплави вашите вени – ќе имате многу енергија, иницијатива и желба за авантури. На полето на финансии и кариера, периодот е одличен и може да се случи да почнете нешто ново, интересно и со огромен ентузијазам ќе мобилизирате сè околу себе. Не брзајте, би било штета поради брзоплетост и невнимание да ги испуштите убавите и поволни мнжности.



ЛАВ – Сите ваши квалитети ќе бидат видливи – едноставно ќе блеснете. Август ќе ви даде можност на работен план да ги покажете вистинските квалитети, а Меркур ви овозможува вашиот ум да изобилува со острина и со одлични идеи кои ќе ве стават во центарот на вниманието. Намалете ги трошоците, но патувањата можат да се покажат како многу профитабилни и затоа не одбивајте ги поканите. Во одлична физичка кондиција сте, а и менталната енергија е на доста високо ниво.



ДЕВИЦА – Минувајте поголем дел од времето со саканата личност. Венера ви носи убави моменти во љубовта. На работен план, август не е месец со возвишени амбиции, но е посебно среќен период во кој професионалните задоволства ќе доаѓаат по пат на односи и социјализација. Периодот е совршен за соработка или за групни проекти, за учество на собири или други збиднувања каде што се собираат луѓе со кои ќе можете да ги споделите плановите, а за возврат да бидете поддржани за постигнување на целите. Ова е период кој ви го подготвува теренот за идните успеси. Најдете начин да се одморите бидејќи во втората половина на август ќе чувствувате умор и пад на имунитетот.



ВАГА – Уран ви носи многу турбуленции, возбуди и ризик што ќе го направи бурен вашиот емотивен живот. Планетарните аспекти ви носат комплицирани соработки, но во исто време и остварувања, при што не треба да изостане добриот профит од една страна, а од друга - носат одредена нерамнотежа во поглед на трошоците, кредитите и парите што зависат од други. Внимавајте на здравјето, ограничете го стресот и заштитете се.



СКОРПИЈА – Во првата половина на месецот, љубовта е позитивно аспектирана низ сентименталности, забава, романтика, но во втората половина може да се појави тага, разочарување или некоја нелагодност поврзана со здравјето или со работата на партнерот. На работен план ви следи период исполнет со притисоци, неповолна соработка или, пак, ќе морате да се соочите со некои критични ситуации. За вас ова е неповолен период за диета, затоа вежбајте и не ставајте сè на срце.



СТРЕЛЕЦ – Ќе бидете заинтересирани за професионалните успеси на партнерот во првата половина на август, додека во втората половина ќе можете да воспоставите поблизок однос и ќе нудите несебична поддршка. На работен план шармот многу ќе ви помогне во односите со претпоставените и ова е за вас добар период за студии, патување, соработка со странство или научни истражувања. Избегнувајте конфликтни ситуации и не правте непотребни трошоци.



ЈАРЕЦ – Ова е период во кој ќе имате многу ентузијазам, желба за авантури на љубовен план и нема да дозволите никој да се меша во вашата лична слобода. Бурно ќе реагирате на секој обид на партнерот да ве натера да направите нешто што не сакате. Август ќе биде месец за соработки и партнерства, но не се исклучени ни конкуренцијата, ривалството и конфликтите.



ВОДОЛИЈА – Август за вас е поволен за дискусија со партнерот за сите теми, а ако сте слободни, нуди повеќе можности за неочекувани познанства. Ќе имате многу работни ангажмани, но и работен елан и ќе можете лесно да се снајдете со предизвиците. Август е месец на големи професионални и финансиски задоволства. Во случај да имате некои хируршки зафати, ова е вистинскиот период. И сега, а и понатаму, поволно е да се занимавате со фитнес.



РИБИ – Вашиот емотивен живот во овој период има големи шанси да се претвори во забава со шампањ и со огномет. На работен план инстиктот ќе ви стане оперативен - ќе забележите дека ќе се создаваат многу поволни шанси за соработка, а од вас ќе се бара само брзина за да ги искористите. Одличната моќ за изразување ќе ви донесе продуктивен месец, но внимавајте да не трошите премногу. На здравствен план, август е поволен за лекување, диети, прегледи и за грижа за тоа како изгледате.

@ЗенскиПриказни Не е финтата добро да готвиш, финтата е да си најдеш дечко што 'гута' без приговори.

@Bedoxin Не ме допирајте повеќе .Се срамам-Дното.

@Pepcetoo Кога лажеме дека лажеме, лажеме или не лажеме?

@zocikubanac Јас кога ќе пораснам САКАМ да стана од компјутер!

@e_soleva Не ни се платени сметките, ни го исклучија летото годинава.

@tomislavnaskov Кога ќе се роди прав програмер првите сборови му се „Hello World"

ХУМОР



И. Манова

МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

СКАРА БАР
ГОСТИЛНИЦА

ENRIKO
pizza & pasta

Giovani
LOUNGE RESTAURANT

EURO-EKOPAK

LAPLAST-M
Момин Поток бб
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (02) 3097 007
Факс: +389 (02) 3095 800
www.laplast-m.com.mk

АТОПИЧЕН ДЕРМАТИТ * ПСОРИЈАЗА * КАНДИДА * ГАБИЧНИ ИНФЕКЦИИ
АЛЕРГИИ * ЧУВСТВИТЕЛНА КОЖА * ДИЈАБЕТСКО СТАПАЛО
skintoskin®
NEW GENERATION WEAR
бебешка облека
и за дијабетско стапало и микоза
долна облека
Иван Милутиновиќ 24 (позади Универзална Сала)
Рузвелтова 28/1 (веднаш до раскрсницата)

Стоматолошка естетска ординација
Diamond Dental
УБАВАТА ДИЈАМАНТСКА НАСМЕВКА
НЕКА СТАНЕ ВАШ ЗАШТИТЕН ЗНАК
10 - 20%


digit computer engineering
Тел: +389 2 3093393
www.digit.net.mk

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА
MTD
Тел. 02/ 3063 286 - Тафталиџе
www.feroelektro.mk
- ЕЛЕКТРИЧНИ И БЕНЗИНСКИ КОСИЛКИ
- ПРСКАЛКИ ЗА ТРЕВА
- ТРАКТОР КОСИЛКИ
- БАЗЕНИ INTEX




ЧЕСТИТ ИЛИНДЕН


ЧЕСТИТ РАМАЗАН БАЈРАМ